Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 109 став (9) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23 и 240/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 мај 2026 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за уважување на приговор**

1. Приговорот на Јагода Кипревска од Скопје, преку Адвокат Мишко Радосавњевиќ од Адвокатско друштво Бона Фиде, Скопје со бр. УП2-09-137/26 од 12 март 2026 година, заради недонесување на Решение врз основа на поднесено Барање за времено исклучување во пропишан рок од страна на ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, СЕ УВАЖУВА.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје да донесе Решение врз основа на поднесеното Барањето за времено исклучување за објект Васко Карангелески, бр.23 К-3 20 со шифра на потрошувач 490308.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јагода Кипревска од Скопје, преку Адвокат Мишко Радосавњевиќ од Адвокатско друштво Бона Фиде, Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе приговор бр. УП2-09-137/26 од 12 март 2026 година заради недонесување на Решение врз основа на поднесеното Барањето за времено исклучување за објект ул.Васко Карангелески, бр.23 К-3 20 со шифра на потрошувач 490308 во пропишан рок од страна на ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје.

Именуваната до ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје поднела Изјава за времено некористење на посебниот дел од објектот за стан на ул.Васко Карангелески, бр.23 К-3 20, Скопје од 28 април 2025 година.

ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје до денот на поднесувањето на приговорот немало донесено Решение врз основа на поднесеното Барањето за времено исклучување за објект Васко Карангелески, бр.23 К-3 20.

Незадоволна заради недонесување на Решение врз основа на поднесеното Барањето за времено исклучување за објект Васко Карангелески, бр.23 К-3 20, именуваната поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика.

На 7 мај 2026 година беше одржана седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата се изврши увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и страната против која е поднесен приговорот, и тоа:

- Изјава за времено некористење на посебниот дел од објектот за стан на ул.Васко Карангелески, бр.23 К-3 20, Скопје од 28 април 2025 година,
- Полномошно од Јагода Кипревска за Адвокат Мишко Радосавњевиќ од Адвокатско друштво Бона Фиде, Скопје за застапување при иницирање на постапка пред надлежната регулаторна комисија во врска со постпка против ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје,
- Имотен лист бр.13577, Катастарска општина Кисела Вода,
- Фактури за топлинска енергија,
- Фактури за електрична енергија,
- Произнесување од ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ во врска со поднесениот приговор од Јагода Кипревска од Скопје, преку Адвокат Мишко Радосавњевиќ од Адвокатско друштво Бона Фиде, Скопје бр. УП2-09-137/26 од 12 март 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на приговорот утврди дека истиот е основан.

Согласно член 54 став (3) од Правилата за снабдување со топлинска енергија поединечно времено исклучување на посебен дел од објектот без обврската за исполнување на условите од став (2) на овој член се врши и по барање на сопственикот/ потрошувачот на посебниот дел од објектот.

Согласно член 54 став (4) од Правилата за снабдување со топлинска енергија кон барањето од став (3) на овој член сопственикот/ потрошувачот доставува изјава за времено некористење на посебниот дел од објектот.

Согласно член 54 став (5) од Правилата за снабдување со топлинска енергија изјавата за времено некористење на посебниот дел од објектот се поднесува до Снабдувачот и истата задолжително треба да содржи податоци за временскиот период во грејна сезона за која посебниот дел од објектот нема да се користи, како и причина/и по основ на која посебниот дел од објектот нема да се користи.

Согласно член 54 став (6) од Правилата за снабдување со топлинска енергија, снабдувачот треба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на комплетното барање од став (3) на овој член да донесе решение за усвојување или одбивање на барањето.

Согласно член 54 став (7) од Правилата за снабдување со топлинска енергија, временото некористење на посебниот дел од објектот, сопственикот/ потрошувачот за кое му е издадено решение согласно став (5) на овој член треба да го потврди со поднесување на фактури за потрошена електрична енергија за периодот за кој е издадено решението.

Согласно член 54 став (8) од Правилата за снабдување со топлинска енергија, фактурите за потрошена електрична енергија за периодот за кој е издадено решението, сопственикот/ потрошувачот треба да ги достави до снабдувачот најдоцна до 31 мај во тековната година за претходната грејна сезона.

Согласно член 54 став (9) од Правилата за снабдување со топлинска енергија, во периодот за кој е издадено решение за временото исклучување на посебниот дел од објектот, просечната потрошувачка на електрична енергија на месечно ниво не треба да надминува 50 kWh.

Од приложените докази се констатира дека ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје во наведениот рок нема донесено Решение врз основа на поднесеното Барањето за времено исклучување за објект Васко Карангелески, бр.23 К-3 20 согласно член 54 став (6) од Правилата за снабдување со топлинска енергија.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 09-137/26**
**15 мај 2026 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**